Република Македонија
Министерство за финансии
Бр.______________________
___.___.2014 година
Скопје

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

ЕПП.бр.______:

**Усогласеност со Годишната програма на Владата:**

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:**

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:**
- на првата наредна седница

**Карактер на материјалот:**
- слободен пристап

**Итност на материјалот:**

**Прилог:**
- Обрасци
- Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа

______________________________
Наташа Радеска Крстевска, Директор

**Дата на доставување на материјалот:**
___.___. ________ година

______________________________
**Зоран Ставрески**
**Заменик Претседател на Влада и Министер за финансии**

*РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# М Е М О Р А Н Д У М

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

ПОТПИС:

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада на Република Македонија
и Министер за финансии

Скопје, 2015

**1.Осврт по материјалот:**

Причината поради која е поведена иницијатива за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа (Службен весник на Република Македонија број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012, 43/2014 и 167/2014) произлегува од задолженијата на Владата на Република Македонија. Имено, на Триесет и осмата седница на Владата на Република Македонија одржана на 02.12.2014 година, усвоена е Информацијата со соодветни насоки за законски измени со цел регулирање, односно зацврстување на системот на контрола и времено или трајно одземање на службено оружје кое го должат службени лица, во случај кога против истите се води постапка за било каков вид на насилство, односно постојат околности дека службеното лице истото тоа оружје може да го злоупотреби.

Исто така, со оваа предлог измена на Законот за Царинска управа се врши доуредување на членот 49-ж од Законот за Царинската управ да се изврши измена на Законот за Царинска управа, во кој ќе се пропише правен основ за донесување на подзаконски акт, со кој поблиску ќе се уредат минималните стандарди за материјално-техничките средства, опрема и просторно сместување, според категоризацијата на граничните премини.

Измената на членовите 69 и 73-и од Законот за Царинска управа се предложени заради усогласување со Законот за административни службеници. Имено членот 69 став 4 се брише од причина што таква одредба не е предвидена во Законот за административни службеници, како и од финансиски причини, односно, немање на доволно финансиски средства во буџетот на Царинската управа. Измените во членот 73-и се предложени заради усогласување со членот 19 од измената на Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр. 199/2014) кој се однесува за Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

**2.** Разгледани можни решенија **(за – против аргументи):**

___

3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации : -

___

**4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош: НЕ**

**Дали е донесена одлука на Комисијата за заштита од конкуренцијата за компатибилноста на државната помош: НЕ**

5. Изјава за усогласеност на прописот со Законодавството на Европската Унија (во прилог) НЕ

**6.Усогласеност со превземените обврски од ратификуваните меѓународни договори:**______________________________________________________________________________________________

**7. Решение кое се препорачува (со образложение):**
- Усвојување на Предлог законот

**8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:** НЕ

**9. Очекувани влијанија:** __________________________________________________________________

**10.**Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот: ДА

**11.Оценка на Министерството за информатичко општество и администрација по материјалот:** ДА

**12.Клучни информации за информирање на јавноста:** __________________________________________________________________

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

<table>
<tr><td colspan="2">1. Назив на Предлог- Предлог на Закон за изменување и дополнување на Закон за Царинска управа</td><td colspan="3">2. Министерство / орган на државна управа:<br>Министерство за финансии – Царинска управа</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">3. Цел на предлогот: Усвојување на Предлог законот</td><td colspan="3">4. Вид на предлог:</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">5. Контакт лице и звање:<br>Наташа Радеска Крстевска, Директор</td><td colspan="3">6. Контакт тел./факс или е-пошта:<br>тел. 02 3 224 340</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="6">7. Активност:</td></tr>
<tr><td>8. Вид на барање:</td><td>( ) Регулатива во врска со ЕУ<br>( ) Друга нова регулатива</td><td colspan="2">( ) Нова Спогодба<br>( ) Зголемување / намалување на постоечка програма</td><td colspan="2">( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми</td></tr>
<tr><td colspan="6">9. Цел на барањето / предложената активност:</td></tr>
<tr><td colspan="6">10. Врска со владината програма:</td></tr>
<tr><td colspan="2">11. Фискални импликации:</td><td colspan="4">(илјади денари)</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td>2015</td><td>2016</td><td>2017</td><td>2018</td></tr>
<tr><td colspan="2">1. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно</td><td>0<br>0<br>0<br>0<br>0</td><td>0<br>0<br>0<br>0<br>0</td><td>0<br>0<br>0<br>0<br>0</td><td>0<br>0<br>0<br>0<br>0</td></tr>
<tr><td colspan="2">2. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно</td><td>0<br>0<br>0<br>0<br>0</td><td>0<br>0<br>0<br>0<br>0</td><td>0<br>0<br>0<br>0<br>0</td><td>0<br>0<br>0<br>0<br>0</td></tr>
<tr><td colspan="2">3. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно</td><td>0<br>0<br>0<br>0<br>0</td><td>0<br>0<br>0<br>0<br>0</td><td>0<br>0<br>0<br>0<br>0</td><td>0<br>0<br>0<br>0<br>0</td></tr>
<tr><td colspan="2">4. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно</td><td>0<br>0<br>0<br>0<br>0</td><td>0<br>0<br>0<br>0<br>0</td><td>0<br>0<br>0<br>0<br>0</td><td>0<br>0<br>0<br>0<br>0</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. Нето имликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| 6. Зголемување / намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: ______________________________ | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12. Нето зголемување на бројот на вработени во врска со предлогот | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г) | | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката | | | | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии: | | | | |
| 19. Одговор на министерството-предлагач: | | | | |
| Одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | | | | |
| 20. Одобрено: 19.12.2014 год.<br><br>______________________________<br>Наташа Радеска Крстевска, Директор | ______________________________<br>Зоран Ставрески<br>Заменик Претседател на Влада<br>и Министер за финансии | | | |

ВОВЕД:

## I.ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Причината поради која е поведена иницијатива за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа (Службен весник на Република Македонија број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012, 43/2014 и 167/2014) со цел регулирање, односно зацврстување на системот на контрола и времено  или трајно одземање на службено оружје кое го должат службени лица, во случај кога против истите се води постапка за било каков вид на насилство, односно постојат околности дека службеното лице истото тоа оружје може да го злоупотреби.

Исто така, со оваа предлог измена на Законот за Царинска управа се врши доуредување на членот 49-ж од Законот за Царинската управа, , во кој ќе се пропише правен основ за донесување на подзаконски акт, со кој поблиску ќе се уредат минималните стандарди за материјално-техничките средства, опрема и просторно сместување, според категоризацијата на граничните премини.

Измената на членовите 69 и 73-и од Законот за Царинска управа се предложени заради усогласување со Законот за административни службеници. Имено членот 69 став 4 се брише од причина што таква одредба не е предвидена во Законот за административни службеници. Измените во членот 73-и се предложени заради усогласување со членот 19 од измената на Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр. 199/2014)  кој се однесува за Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

## II) ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предложените изменувања и дополнувања на Законот за Царинската управа имаат за цел од усогласување на Законот за Царинската управа и Законот за административни службеници, како и регулирање, односно зацврстување на системот на контрола и времено  или трајно одземање на службено оружје кое го должат службени лица, во случај кога против истите се води постапка за било каков вид на насилство, односно постојат околности дека службеното лице истото тоа оружје може да го злоупотреби.

## III.) ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог законот  нема да предизвика фискални импликации во Буџетот на Република Македонија.

## IV) ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНА ОБВРСКА ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Законот за изменување и дополнување Законот за Царинската управа не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту се пропишуваат материјални обврски за одделни субјекти.

## V) СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН

Имајќи го предвид фактот дека се исполнети условите од член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно дека не се работи за донесување на сложен и обемен закон, се предлага изменувањето на Законот за Царинската управа да се донесе по скратена постапк

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Член 1

Во Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012, 43/2014 и 167/2014), во членот 44 по ставот (2) се додаваат четири нови става (3), (4), (5) и (6) кои гласат:

„(3) По добиена информација од надлежен орган за поведена постапка за основано сомневање дека е извршено кривично дело или прекршок со елементи на насилство од страна на царински службеник, кој е распределен на работни задачи на кои има пристап и ракува со службено огнено оружје, времено ќе му се одземе огненото оружје и муницијата се до завршувањето на кривичната или прекршочната постапка.

(4) Решението за времено одземање на огненото оружје и муницијата го донесува директорот на Царинската управа.

(5) Царинскиот службеник против кој е поведена постапка согласно став (3) од овој член, Царинската управа ќе го упати кај овластена здравствена установа на задолжителен психијатриски и психолошки преглед и советување. Писмениот наод и мислење од извршениот преглед царинскиот службеник е должен да го достави во Царинската управа.

(6) Доколку Царинската управа има сознанија или пак е известена од надлежен орган дека од страна на царински службеник е сторено дело согласно став (3) од овој член, до Министерството за внатрешни работи ќе достави известување за превземање на активности согласно надлежностите пропишани со закон.“

Ставот (3) станува став (7).

Член 2

По членот 49-е се додава нов член 49-ж кој гласи:

„Член 49-ж

Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии, поблиску ги пропишува минималните стандарди за материјално-техничките средства, опрема и просторно сместување, според категоризацијата на граничните премини.“

Член 3

Во член 56 по ставот (3 )се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Доколку Царинската управа има сознанија или добие информација од страна на надлежен орган дека е поведена постапка пред надлежен орган согласно член 44 став (3) од овој закон, против царинскиот службеник ќе покрене дисциплинска постапка за времено суспендирање од работното место, се до завршување на покренатата постапка пред надлежен орган за сторено дело со елементи на насилство.“

Ставовите (4), (5), (6), (7), (8) и (9) стануваат ставови (5), (6), (7), (8), (9) и 10.

Член 4

Во членот 69 ставот (4) се брише.

Член 5

Во членот 73-а во ставот (1) по алинејата 3 се додаваат две нови алинеи 4 и 5 кои гласат:

„ - е донесена правосилна одлука за извршено кривично дело или прекршок со елементи на насилство, доколку истиот при спроведување на своите надлежности има пристап и овластување за носење и употреба на огнено оружје.

- не се јави согласно член 44 став (5) од овој закон на задолжителен психијатриски и психолошки преглед и советување или не го достави наодот и мислењето од извршениот преглед.“

Член 6

Во член 73-и во ставот (1) зборовите „или до истекот на рокот за одлучување по приговорот“ се бришат.

Ставот (3 ) се брише .

Ставот (4) се менува и гласи: „Против одлуката на Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен при Агенцијата за администрација, царинскиот службеник може да поднесе тужба пред надлежен суд во рок од 15 дена од денот на нејзиниот прием“.

По ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи: „Доколку Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен при Агенцијата за администрација, не донесе одлука во рок од осум работни дена од приемот на приговорот, царинскиот службеник, во рок од 15 дена по истекот на осумте дена, има право да поднесе тужба пред надлежен суд“.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, освен одредбите од член 4 со кој се менува членот 69 став 4 и член 6 со кој се менува членот 73-и од овој закон, кои ќе отпочнат да се применуваат со денот на отпочнувањето на примената на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14 и број 199/14).

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Причината поради која е поведена иницијатива за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа (Службен весник на Република Македонија број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012, 43/2014 и 167/2014) со цел регулирање, односно зацврстување на системот на контрола и времено или трајно одземање на службено оружје кое го должат службени лица, во случај кога против истите се води постапка за било каков вид на насилство, односно постојат околности дека службеното лице истото тоа оружје може да го злоупотреби.

Имено со членот 1 од измената се предлага Царинската управа времено да му го одземе огненото оружје на царинскиот службеник за кој надлежен орган има поведена постапка за основано сомневање дека е извршено кривично дело или прекршок со елементи на насилство и за истото ќе го извести Министерството за внатрешни работи. Исто така се предлага задолжителен психијатриски и психолошки преглед и советување за цринскиот службеник против кој е поведена ваква постапка.

Со членот 2 од измената се врши додавање на нов член 49-ж во кој ќе се пропише правен основ за донесување на подзаконски акт, со кој поблиску ќе се уредат минималните стандарди за материјално-техничките средства, опрема и просторно сместување, според категоризацијата на граничните премини.

Со членот 3 од измената се предлага Царинската управа да може да покрене дисциплинска постапка за времено суспендирање од работното место против царинскиот службеник ќе за кого се води постапка пред надлежен орган за сторено дело со елементи на насилство.

Со членот 4 од измената се брише обврската на Царинската управа да обезбедува осигурување за случаи на смрт и инвалидитет за царинските службеници, со цел усогласување со новиот Закон за административни службеници, каде нема предвидено ваква бенефиција.

Со членот 5 од измената се предлага на царинскиот службеник може да му се откаже договорот за вработување доколку:
- е донесена правосилна одлука за извршено кривично дело или прекршок со елементи на насилство, доколку истиот при спроведување на своите надлежности има пристап и овластување за носење и употреба на огнено оружје.
- не се јави, согласно член 44 став (5) од овој закон, на задолжителен психијатриски и психолошки преглед и советување или не го достави наодот и мислењето од извршениот преглед.

Со членот 6 од измената се врши усогласување со членот 19 од измената на Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр. 199/2014) кој се однесува за Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Постојните одредби од Законот за Царинската управа се меѓусебно поврзани со Закон за административни службеници.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложените изменувања и дополнувања на Законот за Царинската управа имаат за цел ефикасно и еднообразно спроведување на законските одредби.

*Извод од одредбите што се менуваат*

Член 44

(1) Царинските службеници при спроведување на своите надлежности можат да употребат средства на присила, како и да носат и да употребат огнено оружје.

(2) Царинските службеници можат да употребат огнено оружје кога:

1) се во ситуација на самоодбрана;

2) не постои друг начин на запирање лица кои имаат намера да ја преминат границата и не ги почитуваат повторените наредби од страна на царинскиот службеник да запрат;

3) не постои друг начин да се запрат возилата, како и животни кои имаат намера да ја преминат границата и по повторените наредби од страна на царинскиот службеник да запрат и

4) не можат на друг начин да спречат намерно оштетување на објекти или средства на Царинската управа.

(3) Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за финансии, поблиску ја пропишува употребата на средствата за присила, како и носењето и употребата на огненото оружје од страна на царинските службеници.

Член 49-б

Уредувањето на објектите на граничните премини за патен сообраќај, опфаќа:

- опремување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура (изградба на објекти, инсталации, хортикултурно уредување на градежноземјиште), - иницирање изработка на урбанистички проекти, технички планови, документација и услови за градба, согласно со закон,
- иницирање на постапка за решавање на имотно-правните односи на градежното земјиште,
- планирање, градење, поставување, пренамена, реконструкција и отстранување на објекти,
- иницирање на постапка за геомеханички и геотехнички истражни работи и
- поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација на граничните премини.

Член 56

(1) Суспендирањето е привремено отстранување од работа на царинскиот службеник поради причини кои се предвидени со овој член и трае се додека трае и причината за отстранувањето. По истекот на тој период, царинскиот службеник продолжува со работа на работно место кое одговара на неговата стручна подготовка и работно искуство во Царинската управа, освен во случај ако му е изречен престанок на работен однос со отказ во согласност со одредбите од членовите 55,55-а, 55-б,55-в и 55-г на овој закон.

(2) Царинскиот службеник може да биде суспендиран доколку постои основана причина за сомневање дека го злоупотребил своето работно место во

Царинската управа и суспензијата ќе трае до завршувањето на дисциплинската постапка.

(3) Царинскиот службеник ќе биде суспендиран доколку му е одреден притвор, од првиот ден на притворот и се додека трае притворот. Доколку кривичната постапка која е покрената против него не е завршена, суспензијата трае до завршувањето на кривичната постапка и/или дисциплинската постапка, доколку е покрената за истото дело.

(4) За времетраење на суспензијата на царинскиот службеник му следува надомест од 50% од основната плата. Во случај на враќање на работа на царинскиот службеник му следува надомест до 100% од основната плата.

(5) решение за суспендирање или враќање на работа на царинскиот службеник ја носи директорот во писмена форма.

(6) Против решението од ставот (5) на овој член, царинскиот службеник има право на приговор во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку Царинската управа до Агенцијата за администрација.

(7) Царинската управа е должна приговорот со пропратните списи да го достави до Агенцијата за администрација најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на приговорот. Приговорот не го задржува извршувањето на решението.

(8) По поднесениот приговор од ставот (6) на овој член Агенцијата за администрација донесува решение во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот со списите од предметот.

(9) Кога не е донесено решение од ставот (8) на овој член или кога царинскиот службеник не е задоволен со решението донесено по приговорот, има право да поведе спор пред надлежниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението или од наредниот ден од истекот на рокот во кој тоа требало да биде донесено.

Член 69

(1) Царинскиот службеник има право на ослободување од учество со лични средства при користење на здравствени установи во земјата за лекување на повреди за време и во врска со извршување на службената должност во Царинската управа.

(2) Ослободувањето од ставот (1) на овој член се однесува на примарните здравствени установи и институции, специјалистички консултации и болници во согласност со закон.

(3) Трошоците од ставот (1) на овој член се на товар на Царинската управа.

(4) Царинската управа обезбедува осигурување за случаи на смрт и инвалидитет за царинските службеници.

Член 73-а

На царинскиот службеник може да му се откаже договорот за вработување поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на обврските утврдени со закон, колективен договор, правилата и прописите на Царинската управа, актот за систематизација на работните места во Царинската управа и договорот за вработување, доколку:

- не го почитува работниот ред и дисциплина според правилата пропишани од страна на Царинската управа,
- не ги извршува или несовесно и ненавремено ги извршува работните обврски,

- не се придржува кон прописите кои важат за вршење на работите на работното место,
- не се придржува на утврденото работно време, распоредот и користењето на работното време,
- не побара отсуство или ненавремено писмено не го извести директорот, односно раководителот на организационата единица или друг одговорен работник за отсуството од работа,
- поради болест или оправдани причини отсуствува од работа, а за тоа во рок од 48 часа писмено не го извести директорот, односно раководителот на организационата единица или друг одговорен работник,
- со средствата за работа не постапува совесно или во согласност со техничките упатства за работа,
- настане штета, грешка во работењето или загуба, а за тоа веднаш не го извести директорот,
- не ги одржува средствата и опремата за заштита при работа согласно со прописите за заштита при работа,
- предизвикува неред и насилнички се однесува за време на работата,
- не дава податоци или дава неточни податоци што според прописите им се даваат на овластени органи или граѓани,
- незаконски или неовластено ги користи средствата на Царинската управа,
- избегнува обука,
- неисполнување на општите обврски од членот 58 на овој закон,
- постапување спротивно на прописите на Царинската управа,
- неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година,
- го злоупотреби боледувањето,
- не се придржува кон прописите за здравствена заштита, заштита при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и ги повредува прописите за заштита на животната средина,
- внесува, употребува или е под дејство на алкохол и наркотични средства,
- стори кражба или во врска со работата намерно или од крајно невнимание ќе предизвика штета на Царинската управа,
- одаде класифицирана информација,
- го пречекори или злоупотреби овластувањето,
- не ги извршува заклучоците од комитетите и комисиите формирани во Царинска управа и не постапува во предвидените рокови,
- не постапува по обврските од решенијата од договорите за стручно оспособување и усовршување и
- постапува спротивно на Кодексот на однесување.

Член 73-и

(1) Против решението за изрекување на дисциплинска мерка, царинскиот службеник има право на приговор во рок од осум дена од денот на приемот на решението. Приговорот го одлага извршувањето до донесување на конечна одлука

по приговорот или до истекот на рокот за одлучување по приговорот. Приговорот се поднесува преку Царинската управа до Агенцијата за администрација.

(2) Царинската управа е должна приговорот, со пропратните списи да го достави до Агенцијата за администрација најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на приговорот.

(3) По поднесениот приговор од ставот (1) на овој член, Агенцијата за администрација донесува решение во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот со списите од предметот.

(4) Кога не е донесено решението од ставот (3) на овој член или кога царинскиот службеник не е задоволен со решението донесено по приговорот, има право да поведе спор пред надлежниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението или од наредниот ден од истекот на рокот во кој тоа требало да биде донесено.